Врз основа на член 22,став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“бр.5/02) и член 14, став1, точка 11 од Статутот на општина Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Кр.Паланка бр.8/010),Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 12.11.2015 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Крива Паланка во областа на**
**Локалниот економски развој за 2016 година**

Со оваа Програма се утврдуваат развојните приоритети на Општина Крива Паланка во областа на Локалниот економски развој во текот на 2016 година а кои ќе бидат насочени кон :
- поддршка на локалниот економски развој
- продлабочување на меѓуопштинската соработка
- продлабочување на меѓународната соработка
-потикнување на развојот на туризмот
-поддршка на граѓанските здруженија

Основна цел на Програмата е реализација на развојните приоритети согласно постојните стратешки документи.

Проектните активности на Општина Крива Паланка во областа на Локалниот економски развој за 2016 година ќе бидат насочени кон развој на општината согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни прорitetи.

**1.Поддршката на Локалниот економски развој општина Крива Паланка планира да се реализира преку :**

***-Подготовка на проекти согласно стратешките документи и годишните програми на општината.***

Во оваа област се предвидуваат следните активности:

- Подготовка на апликации за пристап до средства од ЕУ фондовите, државни фондови и институции, и други донатори;
- Учество на обуки, работилници, семинари, и сл.
- Превод на стручна литература
- Консултански услуги
- Воспоставување на партнерства

**Предвиден буџет: 900.000,00 ден.**

***- Имплементација на проекти***

При аплицирање за одредени проекти , во зависност од донаторот се наметнува потреба од обезбедување на финансиски средства за сопствено учество на Општината како услов при аплицирањето . Во контекст на ова се предвидуваат средства за следните активности:

- Партиципација односно сопствено учество на општина Крива Паланка при аплицирање и реализација на проекти од ЕУ фондови, државни фондови, институции, и други донатори;
- Партиципација односно учество на Општина Крива Паланка при аплицирање и реализација на регионални проекти во рамките на Центарот за регионален развој на Североисточниот плански регион согласно Законот за Рамномерен Регионален Развој.

**Предвиден буџет: 6.000.000,00 ден.**

***-Поддршка за развој на МСП и претприемаштво***

Поддршката и развој на МСП и претприемаштво е планирано да се реализира преку следните активности:

- Обуки на бизнис секторот

**Предвиден буџет: 30.000,00 ден.**

***2.Меѓуопштинска соработка***

Во областа на меѓуопштинската соработка Општина Крива Паланка во 2016 година ќе продолжи да соработува со општините од регионот а исто така ќе се насочи кон проширување

на мрежата на соработка со нови општини со кои ќе учествува во подготовка и реализација на заеднички проекти и активности . Се предвидуваат средства за следните активности:

-Подготовка и реализација на заеднички проекти и активности

**Предвиден буџет: 500.000,00 ден.**

***3.Меѓународна соработка***

Во областа на меѓународната соработка Општина Крива Паланка во 2016 година ќе се насочи кон продлабочување на воспоставената соработката со збратимените градови како и проширување на соработката со нови партнери. Се предвидуваат средства за следните активности:

- Организирани посети на претставници од општина Крива Паланка во збратимени градови а со цел размена на искуства и заедничка подготовка на апликации.

- Организирање на меѓународни средби и престој на делегации во Општина Крива Паланка

**Предвиден буџет: 300.000,00 ден.**

***4.Потикнување на развој на туризмот во општина Крива Паланка***

Општина Крива Паланка во делот за поттикнување на развојот на туризмот ќе се насочи кон активности во различни подрачја на делување, а со цел создавање на соодветни услови за искористување на конкурентните предности и дефинирање на туристичката понуда и производи идентификувани согласно стратешките документи и усвоените приоритети.

Се предвидуваат средства за следните активности:

- Претставување на општина Крива Паланка на домашни и меѓународни саеми.
- Изготвување на печатен и електронски, промотивен материјал на македонски и странски јазик
- Продлабочување на соработката со збратимените градови и градовите пријатели на Крива Паланка со фокус на можностите за развој на разните видови туризам и економијата воопшто.
- Креирањето и збогатувањето на туристичкиот потенцијал и понудата со организирање на промотивни активности од различни области, (спортско–рекреативни, културни, традиционални и сл. настани), се со цел подобрување на условите за понатамошен развој на туризмот.
- Поставување на надстршници за одморање на локалниот патен правец Кр.Паланка Калин Камен .( 5- 6), во износ на чињење од 730 000,00ден
- Градежните и проектантните активности (техничка документација) за потикнување на туризмот кои ќе се одвиваат во 2016 год ќе бидат опфатени во другите Одделенија.

ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ:

Други форми на активности со кои се помага развојот на туризмот и промоцијата на Општина Крива Паланка се следните:

- Обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделни манифестации и активности во организација на општината.
- Организирање протоколарни и промотивни средби на претставници на градот при одржување манифестации и реализирање на разни активности од областа на промоција и развој на туризмот и други активности во општината.

**Предвиден буџет:1 380.000,00 ден.**

***5.Поддршка на Граѓански здруженија***

Во областа соработка со невладиниот сектор ,Општина Крива Паланка ќе се насочи кон активности за продлабочување и унапредување на соработката со граѓанските организации во насока на крирање активен граѓански сектор кој ќе придонесува во развојот на современото општество втемелено на социјална правда и еднакви можности за сите граѓани.

Основни цели на Програмата за активностите на општина Крива Паланка за поддршка на НВО секторот во 2016 година се:

1. Соработка со НВО секторот во согласност со можностите
2. Создавање услови за реализирање на активностите на граѓани и здруженија на граѓани.

3. Афирмација на општина Крива Паланка како општина со развиена и активна мрежа на НВО.

За реализација на целите на оваа Програмата, општина Крива Паланка ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресуси.
Во контекст на ова, активностите најмногу ќе ги насочиме кон:

- Сочувување на континуитетот за соработка со граѓанскиот сектор
- Обезбедување просторни услови за работа на здруженијата на граѓани
- Воспоставување на соработка со здруженија на граѓани од различни интересни групи на делување
- Здуженија што ја афирмираат Општина Крива Паланка во државата и надвор од неа.
- Воспоставување на соработка со меѓународни организации и здруженија.
- Реализација на заеднички активности и проекти од локално и регионално значење.
- Логистичка потпора во остварувањето на акции и иницијативи, вмрежувања, лобирања, остварување на партнерства и подготовка на заеднички проекти и стратегии за решавање на проблемите во заедницата.

Во областа на поддршката на НВО секторот, активностите на Општина Крива Паланка ќе бидат насочени и кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење на мрежи и коалиции во сите области на делување на локалната самоуправа.
ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ:
Освен со финансиски средства, Општина Крива Паланка активностите на граѓанскиот сектор ќе ги помага и со:

- Покровителство
- Доделување на награди и признанија
- Обезбедување на стручна, техничка и други видови на помош
- Учество во промотивни и протоколарни средби
- Организирање на трибини форуми и сл. на теми што се од јавен интерес.
- Поддршка на програмски активности на здруженија на граѓани
- Обука на НВО секторот

**Предвиден буџет: 350.000,00 ден.**

**6. Изработка на стратешки документи**

Изработка на стратегија за Рурален Развој
Изработка на стратегија за Информатичка технологија како и
Изработка на стратегија за Енергетска ефикасност
Се предвидува подготовка, дизајн, печатење на нови стратешки документи .

**Предвиден буџет : 600.000,00 ден.**

***7.Други оперативни расходи и договорни услуги***

Во овој дел од програмата пред се се мисли на договори за одредени услуги со правни или физички лица или хонорари без кои не би можеле да се реализираат одредени предвидени активности во Програмата.

**Предвиден буџет: 100.000,00ден.**

***8. Членарина на ЗЕЛС , СИПР и други здруженија и асоцијации***

**Предвиден буџет: 400.000,00 ден.**

Предвидените активности во рамките на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на Локалниот економски развој во 2016 год ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2016 година.

**БУЏЕТ НА ПРОГРАМАТА**

| *Бр.* | *Активност* | *Износ МКД* |
|---|---|---|
| 1. | **Поддршката на Локалниот економски развој** | **6.930.000,00** |
| | Подготовка на проекти согласно стратешките документи и годишните програми на општината | 900.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | Имплементација на проекти | 6.000.000,00 |
| | Подршка  на развој на МСП  и претприемаштво | 30.000,00 |
| 2. | **Меѓуопштинска соработка** | **500.000,00** |
| 3. | **Меѓународна соработка** | **300.000,00** |
| 4. | **Потикнување на развој на туризмот во општина Крива Паланка** | **1.380.000,00** |
| 5. | **Поддршка на Граѓански здруженија** | **350.000,00** |
| 6. | **Изработка на стратешки документи** | **600.000,00** |
| 7. | **Други оперативни расходи и диговорни услуги** | **100.000,00** |
| 8. | **Членарина на ЗЕЛС , СИПР и други здруженија и асоцијации** | **400.000,00** |
| | ***Вкупно*** | ***10.560.000,00*** |

**Организација на програмата**

Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во обласата на Локалниот  економски развој  во  2016 година  ќе ја имплементира Одделението за јавни дејности , економски развој и информатичка технологија во соработка со релевантните одделенија во Општината.

**Бр.09-2975/17**
**12. 11.2016 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**М-р.Борче Стојчевски**